РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 11-2615/1
30.06 20 25 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 57 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208 /2024) Министерството за јавна администрација донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за обука за административно управување
## за 2026 година

## В О В Е Д

Во рамките на своите надлежности, односно согласно став 1 од членот 57 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), како и Правилникот за содржината и формата на Годишната програма за обука за административно управување („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2015 и Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за содржината и формата на Годишната програма за обука за административно управување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 194/2018) Министерството за јавна администрација подготвува и спроведува Годишна програма за обука за административно управување. Преку обуката и испитот за административно управување, се промовира зголемена стручност и ефикасност на службениците, а особено на раководните административни службеници, како и да се обезбеди континуирано професионално работење на администрацијата.

Целна група се административни службеници заинтересирани за пополнување на работно место од категорија Б, односно раководни административни службеници. Дополнително на горе споменатото, а со цел да се зголеми и мотивацијата кај вработените во администрацијата, за секој службеник од ниво В1, претставува законска обврска да се предвиди оваа обука во индивидуалниот план за стручно усовршување.

Напоменуваме дека иако обуката се состои од четири тематски целини, проследувањето на сите целини интегрално, се смета за целосно завршена обука за Административно управување. Оттука, во индивидуалниот план за стручно усовршување како предвидена обука се наведува со единствениот назив „Административно управување“.

Обуката се реализира преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS). Министерството за јавна администрација во координација со институциите, тековно ќе обезбедува непречен пристап до обуката. Со тоа секој вработен во администрацијата ќе поседува корисничко име, односно ќе добие пристап во системот за следење на е-обуки. Пристапот во е-учењето се врши преку следната веб локација: https://lms.mja.gov.mk/. Заради постојана надградба и развој на обуките во СУУ можни се инцидентни прекини или недостапност на обуките во системот.

За спроведување на обуката за административно управување, корисниците ќе добијат потврда/сертификат за завршена обука која ќе се генерира во електронска форма, веднаш откако службеникот ќе ја заврши обуката, со можност за нејзино печатење.

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА

| р.б. | Тема на обука | Начин на реализација | Носител на обука | Целна група | Период на одржување | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Општи прописи од административна област | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МЈА | Административни службеници | Постојано | МЈА |
| 2. | Управување со јавни финансии | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МЈА | Административни службеници | Постојано | МЈА |
| 3. | Управување со проекти | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МЈА | Административни службеници | Постојано | МЈА |
| 4. | Кодекс за административни службеници | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МЈА | Административни службеници | Постојано | МЈА |

**Контакт информации**
**Министерство за јавна администрација**
Адреса: бул.„Св. Кирил и Методиј“ бр.54
1000 Скопје
e-mail: obuki@mioa.gov.mk

Бр. _____________

_____________ година

**Горан Минчев**
**МИНИСТЕР**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Скопје-Shkup

Подготвил: Јасмина Куноска
Контролирал: Душица Бошковска
Одобрил: Агрон Мецити